Записник од 16-тата седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

З А П И С Н И К

Од 16-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 27.12.2018 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 08:00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 15 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански и Влатко Буровски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски, раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски и соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности, Биљана Каламадевска-како записничар.

За работата на Советот за оваа седница Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записник од 15-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог Одлука за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
3. Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
4. Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
5. Предлог Одлука за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово;
6. Предлог Одлука за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите;
7. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Берово (2019 – 2021 година);
8. Предлог О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година;
9. Предлог П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово;
10. Предлог Годишна Програма за работа на Совет на Општина Берово за 2019 година;
11. ПРЕДЛОГ - П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;
12. ПРЕДЛОГ Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 год.);
13. Предлог ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;

14. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година;
15. ИЗВЕШТАЈ За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година;
16. Предлог Одлука за прифаќање на донација;
17. Предлог Измени и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово;
18. Решение за Разрешување и именување на членови на Совет за јавно здравје;
19. Предлог Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување на општината Берово;
20. Предлог Одлука за именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово;
21. Предлог Одлука за формирање на Единица за Пртивпожарна заштита на општината Берово;
22. Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Единица за Противпожарна заштита на Општина Берово ;
23. Предлог Одлука за формирање Универзална единица за заштита и спасување на општината Берово;
24. Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Универзалната единица за заштита и спасување ;
25. Предлог Одлука за определување на тарифата за одбележување и одржување на авто-такси станици на Општина Берово;
26. ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР„Услуга" за собирање на смет во с. Митрашинци;
27. ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР„Услуга" за собирање на смет во с. Мачево;
28. Деветмесечен извештај за финансиско работење за 2018 година на ЈПКР„Услуга"-Берово;
29. Програма за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година;
30. Програма за работа на Дом за стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2019 година;
31. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
32. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
33. Програма за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
34. Предлог Буџет на Општина Берово за 2019 година;
35. Предлог Буџетски Календар на Општина Берово за 2019 година;
36. Одлука за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година;
37. ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година;
38. Барања од институции и граѓани;
39. Советнички иницијативи и прашања.

На ова се надоврзува Градоначалникот, кој предлага Дневниот ред да се прошири за точка на дневен ред Измена на План на Програми за развој – Развојна програма Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево и О Д Л У К А за преотстапување на телевизор TV Elektra LED 43" ET-43FHD18S-T2 SMART ANDROID на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово, а за потребите на Дневниот центар за деца со ментална или телесна попреченост.

Претседателот на Совет, предлага дневниот ред да се дополни со точка на дневен ред ОДЛУКА за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2019 година .

Претседателот на Совет Јован Матеничарски ги стави на гласање, предлозите за дополнување на дневниот ред на Градоначалникот и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** се усвоени предлозите на Градоначалникот, потоа го стави на гласање сопствениот предлог за дополнување на дневен ред. Со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен предлогот на Претседателот.

Потоа го стави на гласање целокупниот дневен ред со дополнувањата, при што за работа на 15 седница на Совет со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, усвоен е следниот:

Д н е в е н р е д:

1. Усвојување на Записник од 15-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог Одлука за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
3. Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
4. Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
5. Предлог Одлука за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово;
6. Предлог Одлука за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите;
7. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Берово (2019 – 2021 година);
8. Предлог О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година;
9. Предлог П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово;
10. Предлог Годишна Програма за работа на Совет на Општина Берово за 2019 година;
11. ПРЕДЛОГ - П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;
12. ПРЕДЛОГ Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 год.);
13. Предлог ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;
14. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година;
15. ИЗВЕШТАЈ За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година;
16. Предлог Одлука за прифаќање на донација;
17. Предлог Измени и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово;
18. Решение за Разрешување и именување на членови на Совет за јавно здравје;
19. Предлог Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување на општината Берово;
20. Предлог Одлука за именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово;

21. Предлог Одлука за формирање на Единица за Пртивпожарна заштита на општината Берово;
22. Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Единица за Противпожарна заштита на Општина Берово ;
23. Предлог Одлука за формирање Универзална единица за заштита и спасување на општината Берово;
24. Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Универзалната единица за заштита и спасување ;
25. Предлог Одлука за определување на тарифата за одбележување и одржување на авто-такси станици на Општина Берово;
26. ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР„Услуга" за собирање на смет во с. Митрашинци;
27. ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР„Услуга" за собирање на смет во с. Мачево;
28. Деветмесечен извештај за финансиско работење за 2018 година на ЈПКР„Услуга"-Берово;
29. Програма за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година;
30. Програма за работа на Дом за стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2019 година;
31. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
32. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
33. Програма за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
34. Измена на План на Програми за развој – Развојна програма Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево;
35. О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2019 година;
36. О Д Л У К А за преотстапување на телевизор TV Elektra LED 43" ET-43FHD18S-T2 SMART ANDROID на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово, а за потребите на Дневниот центар за деца со ментална или телесна попреченост;
37. Предлог Буџет на Општина Берово за 2019 година;
38. Предлог Буџетски Календар на Општина Берово за 2019 година;
39. Одлука за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година;
40. ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година;
41. Барања од институции и граѓани;
42. Советнички иницијативи и прашања.

1. Усвојување на Записник од 15-та Седница на Совет на Општина Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. Никој не се јави за збор и е пристапено кон гласање. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,отсутен е Советникот Драган Мустачки** е усвоен Записникот од 15-тата Седница на Совет на Општина Берово.

2. Предлог Одлука за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка и му даде збор на Претседатлот на комисијата за финансирање, Буџет и ЛЕР, кој појаснува дека е разгледано на комисија и е добро објаснето за што станува збор. За збор се јавува Градоначалникот Пекевски, кој објаснува дека согласно Законот за финансиска подршка, како општина, добиваме 24 милиони денари за сервисирање на обврски со состојба на ден 30.09.2018 година. Основа за утврдување на вредноста се пријавените обврски во системот. Објаснува дека Општина Берово е прва општина што распиша повик а предност при исплата имаат доверителите кои ќе се откажат од дел од обврската. Градоначалникот Пекевски, ја користи приликата да истакне јавна благодарност на Советниците од претходниот и сегашниот состав што прифатиле дел од долгот да се намали и да им биде исплатено до 31 јануари.
После излагањето на Градоначалникот, Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог Одлуката и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутен од гласање е Советникот Драган Мустачки, е усвоена *Предлог Одлука за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски*.

3. Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената трета точка на дневен ред. Претседателот на Комисијата за финансирање, Буџет и ЛЕР објасни дека извештајот е разгледан на комисија и пристапено е кон гласање при што со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутен од гласање е Советникот Драган Мустачки, е усвоен *Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски*.

4. Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за дискусија пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутен од гласање е Советникот Драган Мустачки, усвоен е *Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски*.

5. Предлог Одлука за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово;

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за дискусија пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутен од гласање е Советникот Драган Мустачки, усвоена е *Предлог Одлука за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово*.

6. Предлог Одлука за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите;

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за дискусија пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутен од гласање е Советникот Драган Мустачки, усвоена е *Предлог Одлука за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите*.

7. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Берово (2019 – 2021 година);

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и бидејќи никој не се ави за збор, го стави на гласање *Планот за контрола на попуацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година)* и е изгласан со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници.**

8. Предлог О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година;

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка на дневен ред, за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која сака да ја пофаи мерката и истакнува дека имало доста расправа околу тој проблем, програмата е видена и во моментот мерката изгледа многу корисна. На ова се надоврзува Советникот Предраг Монев, кој смета дека проблемот е поголем со кучињата скитници кои се оплодуваат неконтролирано и дека треба да се обрати поголемо внимание на слободните кучиња и дека треба да се изнајде механизам на заловувањето на кучиња од други општини кои ги пуштаат овде. Одлуката ќе ја прифатиме, меѓутоа сметам дека правилникот е насочен кон луѓе кои се грижат за своите кучиња а треба повеќе да се насочиме кон уличните кучиња. На ова Раководителот на општи и правни работи, Анита Рунтевски, ги појнува обврските кои произлегуваат од Законот за благосостојба на животните. На ова се надоврзува Градоначалникот, кој кажува дека идејата е тие што не ги пријавиле своите кучињ да ги пријават а општината да им помогне тие да бидат чипирани и на тој начин да се намали репродукцијата. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена *Предлог О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година*.

9. Предлог П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоен *Предлог П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово*.

10. Предлог Годишна Програма за работа на Совет на Општина Берово за 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка, претседателот на комисијата формирана за изготвување на годишната програма упати на неколку промени кои меѓувремено се утврдени и тоа :
Точка 1.4 стои разгледува Комисијата за урбанизам а треба да стои Комисија за финансирање и Буџет
Точка 2.18 стои Предлог програма а треба да стои извештај за реализација и годината треба да се промени
Точка 2.19 стои 2020 а треба да стои 2018
Точка 2.20 стои 2019-2020 а треба да стои 2018-2019
Точка 2.21 стои 2020 треба да стои 2018
Точка 4.27 стои 2019 а треба да стои 2020
И треба да се додаде точка 4.32 Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга"
Претседателот ја стави на гласање програмата заедно со измените и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена.

11. ПРЕДЛОГ - П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;

Претседателот отвори дискусија по предложената точка и истакнува дека предлог на комисијата е зголемување на сумата во точка 1.1 наместо 1.500.000, оо денари да бидат 2.000.000,00 денари и усвоеното на форумите во заедницата „Реконструкција на паркинг просторот кај градинката 1.000.000,00 денари и вкупно програмата да се зголеми за 1.500.000,00 денари. За збор се јавува Советникот Предраг Монев, кој истакнува дека во врска со програмата во населените места е многу општо, предлага конкретно да се стават улиците. На ова Претседателот истакнува дека при координација Советот да донесе приоритет на улица која ќе се гради. На ова се надоврзува Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека недефинирањето на улиците е последица на немањето готови проекти . За збор се јавува Градоначалникот, кој итакнува дека мора да се врати довербата кај граѓаните дека улицата која се стави во програма и ќе се изгради и дека во престојниот период ќе се распише набавка за нови проекти и во иднина предлага програмите да се изработуваат детално. Пристапено е со гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутна од гласање е Советничката Даниела Кржовска е усвоена *ПРЕДЛОГ - П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година со дополнувањата.*

12. ПРЕДЛОГ Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 год.);

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, истакнато е дека е разгледана на комисија, Градоначалникот појаснува дека за с. Владимирово е поднесена проектна документација со која понатаму ќе се аплицира кај донатор и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници с**е усвоени *ПРЕДЛОГ Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 год.).*

13. Предлог ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисија за финансирање, Буџет и ЛЕР појасни дека предлозите од Советничката Даниела Кржовска се исправени во програмата и дека средствата се намалени и објаснето е на комисијата дека се распределени во други програми. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена *Предлог ПРОГРАМА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година*.

14. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Од страна на предлагачот е објаснето дека станува збор за испуштени средства за новороденче во износ од 150.000,00 денари при што вкупната сума во табелата од 510.00,00 денари се заменува со 660.000,00 денари.Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена *Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година*.

15. ИЗВЕШТАЈ За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоен *ИЗВЕШТАЈ За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година*.

16. Предлог Одлука за прифаќање на донација;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, Градоначалникот појаснува дека станува збор за проекти кои ни се дадени како донација од фирмата „Прима Инжинеринг" . Еден од проектите е Водоснабдувањето во с. Двориште и треба законска процедура да помине на Совет. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена *Предлог Одлука за прифаќање на донација*.

17. Предлог Измени и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, за збор се јави Советничката Емилија Пачемска, која прашува зошто има линија и во 1 часот и во 1:20 часот. Претседателот појаснува дека се додадени линии бидејќи учениците завршуваат порано и додадена е релација за со комбе по мало да се возат. Советникот Предраг Монев, прашува зошто во член 3 се додава став кој гласи приоритет има оној кој прв поднел барање и во барањето е наведена цената. Претседателот појаснува дека тоа е согласно Законот за патен сообраќај. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема**

ВОЗДРЖАНИ Советници, е усвоено *Предлог Измени и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово*.

18. Решение за Разрешување и именување на членови на Совет за јавно здравје;

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка. За збор се јавува Советникот Предраг Монев кој истакнува дека пред да се именуваат лица треба да се контактираат, со цел да се избегне непотребно разрешување. Советничката Славица Фурнаџиска ги предлага Виолета Кацарска и Гордана Руменовска Алексовска за нови членови на Совет за јавно здравје. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутна од гласање е советничката Благица Русковска, Виолета Кацарска и Гордана Руменовска Алексова се назначени за нови членови на Совет за јавно здравје.

19. Предлог Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување на општината Берово;

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутна од гласање е советничката Благица Русковска, усвена е *Предлог Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување на општината Берово*.

20. Предлог Одлука за именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Градоначалникот Пекевски, кој истакнува дека во одлуката има измени на местото на Весна Коловска стои Ванчо Биковски, на местото на Коловски Дејан стои Трајановски Коста и на местото на Лапевски Бранко стои Аговски Зоран. Одлуката со измените е ставена на гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово со измените.*

21. Предлог Одлука за формирање на Единица за Пртивпожарна заштита на општината Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за формирање на Единица за Пртивпожарна заштита на општината Берово.*

22. Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Единица за Противпожарна заштита на Општина Берово ;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, Градоначалникот истакнува дека на местото на Буровски Васко треба да се замени Димовски Ванчо. Одлуката со измените е дадена на гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Единица за Противпожарна заштита на Општина Берово*.

23. Предлог Одлука за формирање Универзална единица за заштита и спасување на општината Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за формирање Универзална единица за заштита и спасување на општината Берово.*

24. Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Универзалната единица за заштита и спасување ;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за поставување Команда и командир на Универзалната единица за заштита и спасување*.

25. Предлог Одлука за определување на тарифата за одбележување и одржување на авто-такси станици на Општина Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која предлага во член 5 каде се назначени локациите на кои се додаваат такси станици во првиот пасус каде стои пред лајф кафе да се означи спој на ул,,Маршал Тито" со ул,,23 Август" да не се врзуваме за објект и кај „Кит-Го" маркет да се замени со спој на ул,,Маршал тито" со ул,,Мирче Ацев" наместо 2 возила да биде 1. Претседателот на Совет го става предлогот на Советничката Славица Фурнаџиска на гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен, потоа ја става на гласање одлуката заедно со измените и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Предлог Одлука за определување на тарифата за одбележување и одржување на авто-такси станици на Општина Берово.*

26. ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР„Услуга" за собирање на смет во с. Митрашинци;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која истакна дека оваа одлука и одлуката која е наредна точка на дневен ред не се популарни мерки, меѓутоа ако сакаме нешто да постигнеме мора да се менуваме. Пристепено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР,,Услуга" за собирање на смет во с. Митрашинци.*

27. ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР„Услуга" за собирање на смет во с. Мачево;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена ОДЛУКА на Управен одбор на ЈПКР,,Услуга" за собирање на смет во с. Мачево.

28. Деветмесечен извештај за финансиско работење за 2018 година на ЈПКР„Услуга"-Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисијата за финансирање, Буџет и ЛЕР објасни дека е разгледувано на комисија и загубата е најмногу од Пехчево има некои преговори да почне и таму да се плаќа. Повикан е директорот на ЈПКР "Услуга" Берово, Илија Рунтевски кој појаснува дека има поголем расход во износ од 100.000,00 денари месечно за Пехчево и плус за расход за струха на станицата за отпадни води и дека тоа е единствен случај помеѓу две општини, контактирано е и во регулаторна , планирано е да се покрие дел од трошоците од животна средина, меѓутоа до денес ништо повратно нема. Директорот појаснува дека колку повеќе корисници се приклучуваат, толку цената се намалува.Советничката Кржовка прашува дали имаме право да ги исклучиме и кои се последиците за нас како општина на што Директорот објаснува дека тоа е проект кој има одржливот и сигурно има казнени поени. За збор се јавува Советникот Предраг Монев кој прашува во кој дел е ставена работата на скипот. Директорот одговара во делот на водовод таму е и трошокот. Советникот Монев истакнува дека се приметува загуба и дека може да се заклучи дека станицата продолжува да работи со загуба, Пехчево не плаќа и граѓаните на Берово плаќаат и за Пехчево се обраќа кон Директорот и го прашува дали е така на што Директорот потврдува дека е така и додава дека загубата ќе се згоелеми и за градењето на гробиштата. Претседателот на Совет му се заблагодарува на присуството на Директорот на ***ЈПКР "Услуга" Берово*** и го става на гласање Деветмсечниот извештај и со **9 гласа ЗА, 6 против, нема ВОЗДРЖАНИ** е усвоен *Деветмесечен извештај за финансиско работење за 2018 година на ЈПКР,,Услуга"-Берово*.

29. Програма за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна дека програмата е разгледана на комисија и дека е констатирано дека онаму каде што има зголемен обем на работа има и зголемени трошоци . Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година.*

30. Програма за работа на Дом за стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и истакнува примедба дека нема кој ја предлага да се напиша кој ја предлага. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за работа на Дом за стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2019 година.*

31. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово*.

32. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово*.

33. Програма за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Програма за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово*.

34. Измена на План на Програми за развој – Развојна програма Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево;

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, Градоначалникот појасни дека има измени на планот за програми за развој во 2019 година било 5милиони сега ќе биде 3 милиони и останатите се префрлаат во 2020 година. Со самото тоа што се игласа на форумите „Реконструкција на паркинг просторот пред градинката" што е проценето на околу 1.000.000,00 денари, согласно измените на Законите за финансирање на ЕЛС, сметаме дека тие 5 милиони денари нема да бидат реализирани а ни го подјадуваат Буџетот- појаснува Градоначалникот. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници е усвоен** *Измена на План на Програми за развој – Развојна програма Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево***.**

35. О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка и додаде дека треба да го развиваме туризмот во контекст на предложената одлука, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутна од гласање е Советничката Славица Фурнаџиска е усвоена *О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2019 година.*

36. О Д Л У К А за преотстапување на телевизор TV Elektra LED 43" ET-43FHD18S-T2 SMART ANDROID на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово, а за потребите на Дневниот центар за деца со ментална или телесна попреченост;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор пристапено е кон гласање и со **13 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутни од гласање се Советничките Славица Фурнаџиска и Благица Русковска е усвоена *О Д Л У К А за преотстапување на телевизор TV Elektra LED 43" ET-*

43FHD18S-T2 SMART ANDROID на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово, а за потребите на Дневниот центар за деца со ментална или телесна попреченост.

37. Предлог Буџет на Општина Берово за 2019 година;

Претседателот отвори дискусија по предложената точка, Градоначалникот појаснува дека согласно учеството на граѓаните во буџетот треба да се вметне изгласаниот предлог од форумот. Буџетот нема да го коментирам- истакнува тој, единствен нов прилив се средствата кои годинава за прв пат ги овозможува Владата за оддолжување на општините и кои се силна подршка за Општина Берово. За збор се јавува Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека на комисија е разгледан Буџетот по ставки и дека е добро Советникот во одделението за финансиски прашање да го презентира тоа пред Советниците.
Советникот во одделението за финансиски прашања Татјанка Муртовска , истакнува дека Буџетот е даден на разгледување во законски предвидениот рок и сегашниот Буџет од првично предвидениот е зголемен за 2 милиони од причина што грантот од Министерството за финансии не стигнал во 2018 ќе стигне во 2019 година и мора да се предвиди . Накратко ќе ве запознаам како сме стигнале до конечната бројка.
На приходен дел Општина Берово, во 2019 година планира да прибере по основ на :

Даночни приходи 27.593.182,00 денари

Неданочни приходи 18.143.555,00 денари

Капитални приходи 3.695.000,00 денари

Приходи од дотации 137.490.683,00 денари

Приходи од трансфери 60.089.198,00 денари

Приходи од донации 24.284.382,00 денари

На расходен дел, Општина Берово во 2019 година, планира да реализира по основ на:

Плати и надоместоци 130.712.840,00 денари

Резерви и недефинирани расходи 300.000,00 денари

Стоки и услуги 57.895.008,00 денари

Каматни плаќања 80.000,00

Субвенции и трансфери 18.272.873,00 денари

Капитални расходи 61.697.279,00 денари

Отплата на главница 2.338.000,00 денари.

Вкупиот Буџет на Општина Берово за 2019 година, е проектиран на сума од 271.296.000,00 денари, од кои основен буџет е 95.096.935,00 денари, самофинансирачки активности 14.424.000,00 денари, дотациска сметка 137.490.683,00 денари и на донациска сметка проектирани се 24.284.382,00 денари.
На ова се надоврзува за настанатите измени во А0 426 измената се однесува на расходите за членарина на домашни лица да го подмириме стариот долг кон Источно плански регион и е зголемено од 270 илјади на 570 илјади денари. А3 програма на ставка 401 и 402, група 40 се платите и надоместоците за Митко Илиевски по судски решенија, 425 се трошоци кон Адвокат Кирил Ковчегарски, 426 трошоци кон ЗЕЛС,464 плаќања по судски решенија и 482 за измирување на обврските кон СД-Транс, Жикол, Стоименов и Габер – Проект. ДО има измена во ставка 425 договорни услуги од 990 000,00 додаваме 300 000,00 денари бидејќи со платите на Митко Илиевски излегува камата во прашање се 3 години и затоа е зголемена проекцијата и преминува на 1.290.000,00 денари. На програма Е0 последните месец дена се наметнаа обврски да се отворат 4 нови наменски сметки, за таа цел на ставка 426 се ставени дополнителни 100.000,00 денари на веќе постоечките 430.000,00 денари и ставка 426 е во вкупен износ од 530.000,00 денари. Од програма Г1 на 464 е избришана проекцијата од 123.000,00 денари од причина што планираната обврска е веќе измирена. На програма ГА 482 ставаме дополнителни 2 милиони денари, поради непрефрлањето на грантот во 2018 година. Во развојната програма првичните 5 милиони сега се 3 милиони. Измена има и во ЈД програма ставка 482, се зголемува за 1.423.000,00 денари и од постоечките 14.947.595,00 денари, стануваат 16.370.595,00 денари.
За збор се јавува Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека Буџетот е среден на време и прашува дали за наредна година во проекција се зема нивото на основен буџет по што Советникот Татјанка Муртовска истакнува дека се зема реализацијата на приходите од основниот Буџет, од последните 3 години.
Претседателот го стави на гласање предлог Буџетот на Општина Берово за 2019 година при што со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Буџетот на Општина Берово за 2019 година*.

- По усвојувањето на Буџетот, следуваше аплауз од страна на Советниците во Советот на Општина Берово.

38. Предлог Буџетски Календар на Општина Берово за 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Предлог Буџетски Календар на Општина Берово за 2019 година.*

39. Одлука за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка. Се истакнува дека во член 10 наместо 2018 треба да стои 2019 година по што е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година.*

40. ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година;

Претседателот на Совет, отвори расправа по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година*.

41. Барања од институции и граѓани;

- На барање од Мустафовска Севдија Советот донесе одлука да го извести лицето дека Општина Берово, презема мерки преку Декадата на Ромите за да може позитивно да одговори по барањето.
- На барање во врска со атмосферска канализација на ул„Цветан Димов" Советот донесе заклучок, предлогот за заокружување на Атмосферска канализација на ул„Цветан Димов" –Берово, доколку има законска можност да биде вметнатнат во Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2019.
- На барање од Љупчо Радински за финансиска помош, Советот на Општина Берово, донесе одлука да го упати лицето, Барањето за финансиска подршка да го поднесете во 2019 година, со оглед на тоа што оваа година веќе има добиено финансиска подршка.
- На барање од Весна Црначка Советот донесе Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година во износ од 10.000,00 денари
- На барање од група граѓани од ул„Ленинова" Советот донесе одлука да ги извести барателите дека спојувањето на ул. „Ленинова" со ул „Ѓорѓи Димитров" , преку местото наречено „Билка и Килимара" не е ставено во Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2019 година, од причина што треба да се направи геодетски елаборат за експропријација и пресметка од овластен проценител за вредноста на експропријацијата за да се премине кон изработка на проект. По преземање на потребните активности, истото ќе се предвиди во Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта и ќе се пристапи кон реализација.
- На барање од Средношколска заедница, Советот донесе одлука да ги извести дека од страна на Градоначалникот на Општина Берово веќе се доделени средства за лотаријата за средношколската забава
- На барање од хотел Манастир после долготрајна дискусија со претставникот Владо Мишовски како овластен од именованата институција е донесен заклучок, стручните служби при Општина Берово да ги испитаат можностите, односно надлежноста на Советот во донесувањето на Одлука за фасадно уредување во Министерство за транспорт и врски и ЗЕЛС и доколку законските можности дозволуваат, да се поведе соодветна постапка за Одобрување на фасадно уредување.

42. Советнички иницијативи и прашања

- По советничката иницијатива од ВМРО-ДПМНЕ за признавање на одредени трошоци набранителите е дискутирано при што Претседателот истакнува дека по доставениот список се работи за голема бројка и ако списокот се погледне составот на луѓето со какви примања се, смета дека не е во ред да се признаат тие трошоци за сите бранители. Советникот Драган Мустачки предлага да се формира работна група, да се прецизира иницијативата

- Советничката Даниела Кржовска прашува дали има услови за собирање на електронски отпад на што Градоначалникот Пекевски одговара дека во текот на наредната година тоа ќе се биде средено.
- Советничката Емилија Пачемска, предлага батериите како многу штетни, да се собираат на неколку места во градот и прашањето да се актуелизира

По изцрпувањето на дневниот ред Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски упати честитка за престојните празници со желби сите да бидат живи и здрави и во 2019 година да реализираме некоја екскурзија до Бугарија да размениме мислења и идеи.

Кон честитката се надоврза Градоначалникот на Општина Берово, Звонко Пекевски кој исто така посака Срекни Новогодишни и Божиќни празници и ако некој има забелешки на досегашната соработка во 2019 да се отстранат и заеднички да продолжиме да работиме и наредната година со нови сили и нова конструктивност во работата- како што истакна тој.

По исцрпувањето на дневниот ред, Седницата заврши во 12 часот и 10 минути.

Усвоен со
Бр._____
_____ година
Берово

Записничар,
Биљана Каламадевска
_____
(*потпис)*

М.П.

Претседател на Совет,
Јован Матеничарски
_____
(потпис)